АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 15-586/1
02.05 2018 год
СКОПЈЕ

Арх. знак 1501
Рок на чување
02.05 2018 год.
Потпис,

ЗАПИСНИК ОД ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

19.04.2018 ГОДИНА

На состанокот одржан на ден 19.04.2018 година присутни се сите членови на изборната комисија.

Претседателот на ЦИК изјави дека е недозволиво кандидат за претседател на скм Да упаѓа на седница на цик со адвокат, а не се ниту разгледани кандидатурите и притоа што кандидатот врши притисок врз комисијата. ЦИК едногласно е согласна да работи на затворена седница.

ДНЕВЕН РЕД

1.пристигнати предлози од РО за кандидати за претседател на СКМ

2.разно

Кандидатура од РО Берово се смета како невалидна, затоа што подршката за проф д-р Соња Апостолска содржи само два потписа, а потребни се 3 од пет според статут и правилник.

Кандидатура од РО Гевгелија пристигнаа два документи кои се контрадикторни во чиј прилог дополнително ќе пристигнат и изјави од членовите на РО за да се утврди веродостојноста на записниците кој од нив е важечки и целата документација ќе биде доставена до суд на честа на СКМ за понатамошно процесирање.

ЦИК констатитра дека:

Кандидатот д-р Маријан Денковски 4 предлози од РО и тоа РО Св Николе, РО Струмица РО Куманово и РО Велес.

Кандидатот проф д-р Соња Апостолска 3 предлози од РО и тоа РО Центар, РО Кавадарци и РО Чаир.

Кандидатот проф д-р Владимир Поповски 4 предлози од РО и тоа РО Гази баба, РО Карпош РО Охрид и РО Прилеп.

Тројцата кандидати ги исполнуваат условите за кандидат за претседател на СКМ

Цик констатитра дека кандидатот проф д-р Соња Апостолска доставила програма се задолжува службата да ја изести дека треба да достави дополнителна документација.

Кандидатот Д-р Маријан Денковски прифатил кандидатура со комплет доставена документација.

Проф д-р Владимир Поповски да достави документација за прифаќање на кандидатурата.

За време на седницата кандидатот за Претседател на СКМ д-р Маријан Денковски достави барање до ЦИК.

На барањето ЦИК едногласно донесе заклучок односно одговор на барањето на кандидатот:

Во член 30 став 10 од Статутот на СКМ (Членовите на Извршниот одбор учествуваат во работата на комисиите и регионалните одбори како координатори, без право на глас), д-р Маријан Денковски не е назначен од страна на извршниот одбор на СКМ како координатор на ЦИК, а исто така како утврден кандидат за претседател на СКМ има конфликт на интереси.

На конститутивната седница на Собранието на СКМ на ден 12.04.2018 година а претходно и на состанокот одржан од страна на ЦИК истиот ден се уврдени прецизно датуми за поднесување на предлози кандидати за претседател на СКМ од страна на регионалните одбори и од страна на 20 делегати (до среда 18 април 2018 година до 16:00 часот), а кандидатите за претседател на СКМ да достават комплетна документација (изјава за прифаќање на кандидатура, програма за работа, кратка биографија, мотивационо писмо и копија од важечка лиценца) најдоцна три дена по доставување на предлозите (19, 20 и 21.04.2018 година до 15:00 часот), без никаква забелешка од страна на делегатите.

ЦИК донесе едногласна одлука да се овозможи на сите кандидати на јавна седница (23.04.2018 понеделник во 17:00 часот) увид на поднесените кандидатури од страна на Регионалните одбори за да не се фаворизира само на еден кандидат увид иако тоа не го пишува никаде и според никој правилник не е предвидено.

Во прилог на одговорот да се достави записник од седницата на ЦИК одржана на 12.04.2018 година.

Записник од конститутивната седница на Собранието на СКМ од 12.04.2018 и од седницата на ЦИК од 19.04.2018 дополнително ќе Ви бидат доставени.

Цик донесе заклучок едногласно дека ќе им се овозможи на сите кандидати за претседател на отворена седницца да извршат увид во документацијата за предлагање на претседател на скм понеделник во 17:00 часот да се известат сите кандидати ќе има увид во документацијата.

ЦИК закажа јавна седница за увид на кандидатурите за во понеделник 23.04.2018 во 17:00 часот во СКМ.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Д-Р КИРИЛ ПЕЦАКОВ